


# ПОДКАСТ 4 – КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ КУЛТУРИ: КОГА ЗБОРОВИТЕ НЕ СЕ ДОВОЛНИ

## “ЗБОРОВИТЕ СЕ ВАЖНИ – ЗОШТО ЈАЗИКОТ ЈА ОБЛИКУВА ИНКЛУЗИЈАТА”

**Често велиме дека зборовите имаат моќ.** Но, често пати, не подзастануваме да размислиме што значи тоа навистина. Јазикот е нешто што го користиме секој ден – на училиште, на работа, онлајн. А сепак, ретко си поставуваме прашање - како зборовите што ги избираме можат да вклучат или исклучат, да лекуваат или да повредат. Понекогаш, доволен е само еден збор за да се смени начинот на кој некој се чувствува и мисли за себе  – или како другите гледаат на него.

Се сеќавам на првиот пат кога навистина сфатив, колкава е тежина на зборовите. Тоа беше за време на групна дискусија на училиште. Некој направи, како што го нарече тоа, безопасна шега.

Луѓето се смееја – сите – освен еден ученик. Тој се повлече во тишина. Погледот му беше кон клупата. Разговорот брзо продолжи, но тишината остана во просторијата. Подоцна го прашав за тоа. Ми рече: „Знам дека не сакаа да ме повредат. Но сепак се почувствував понижен.“

Тој момент ми остана во сеќавањето. Ме натера да сфатам колку лесно го оправдуваме „штетниот“ јазик, кога е скриен зад хумор. Или кога велиме работи како: „Еј, претерано реагираш.“

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

Но вистината е ова: јазикот не мора да биде користен за омраза, за да  повреди. Понекогаш исклучувањето се случува тивко – преку тонот. Преку шеги што се потпираат на стереотипи. Преку тоа - кому избираме да се обратиме – и кого го изоставуваме. Зборовите ги обликуваат приказните што ги раскажуваме еден за друг. Ако еден млад човек, цел живот слуша дека е „мрзелив“, „премногу емотивен“ или „недоволно добар“, тие зборови полека можат да станат дел од неговиот идентитет. Но, ако слуша дека е „креативен“, „способен“, „издржлив“, приказната се менува.

**Јазикот може да гради самодоверба - исто толку лесно, колку што може и да ја уништи.**

Инклузивниот јазик не се однесува на тоа да бидеме „политички коректни“. Не станува збор за контролирање на говорот. Станува збор да разбереме дека секој збор што го користиме, покажува што е вредно за нас. Кога избираме јазик што ја почитува различноста, создаваме простор луѓето да бидат, такви какви што се – а не какви што другите очекуваат да бидат. Тоа е емпатија во пракса. И често започнува со мали нешта: користење на имињата што луѓето ги преферираат, немање предрасуди за нечие потекло или род, и не ставање етикети кои ја сведуваат личноста на само еден дел, од тоа што е.

Но, инклузивната комуникација не се однесува само на зборовите. Таа се однесува и на слушањето – вистинското слушање. Кога некој ќе ни каже дека нешто што сме рекле го повредило, имаме избор. Можеме да се браниме. Или можеме да слушаме и да учиме. Да си отворен, за да се поправиш, не значи дека си слаб. Тоа значи дека имаш почит. А почитта е темелот на инклузијата.



Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

Во свет во кој комуникацијата се развива побрзо од било кога – преку објави, коментари, пораки и твитови – нашите зборови патуваат далеку. Понекогаш до луѓе, кои нема никогаш да ги запознаеме. Тие зборови, можат да охрабрат или да обесхрабрат. Да прифатат или да отфрлат. Да поврзат или да разделат. Затоа зборовите се важни. Затоа што тие не ги обликуваат само нашите разговори – тие го обликуваат она, во кое заеднички се формираме.

Затоа, следниот пат кога ќе зборуваш, ќе напишеш или ќе објавиш нешто онлајн, застани за момент.

**Запрашај се:**
Дали овие зборови ќе отворат врата за некого – или ќе ја затворат?
Затоа што секој збор носи избор.

**Прашања за рефлексија**

1. Дали се сеќаваш на момент кога нечии зборови имаа силно влијание врз тебе – позитивно или негативно?
2. Што те научи тоа искуство за моќта на јазикот?
3. Во наредните денови, каде би можеле твоите зборови да изградат поврзаност, наместо дистанца?



*Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Европската Унија или на Фондацијата за развој на образованието. Ниту Европската Унија, ниту Фондацијата за развој на образованието не сносат одговорност за нив.*

*Сите резултати стекнати во рамките на проектот „Building Community Links“ се достапни со отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Копирањето или обработката на овие материјали, во целост или делумно, без согласност на авторот е забрането. Во случај на користење на резултатите, потребно е да се наведе изворот на финансирање и авторите.*

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI